











## ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ






# 10 ГОДИНИ ПОДОЦНА

# ПРОМЕНИТЕ ЗАД БРОЈКИТЕ



ПРОГРАМА ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ

10 ГОДИНИ ПОДОЦНА

# ПРОМЕНИТЕ ЗАД БРОЈКИТЕ

**Издавач:**
Фондација Отворено општество – Македонија

**За издавачот:**
Владимир Милчин

**Уредници:**
Сузана Пецаковска
Споменка Лазаревска

**Лектура:**
Сузана Волнаровска Спасовска

**Тираж:**
300 примероци

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.014(=214.58:497.7)“2005/2014“

**ПРОГРАМА** за образование на Роми : десет години подоцна : примените зад бројките / [уредници Сузана Пецаковска, Споменка Лазаревска]. - Скопје : Фондација Институт Отворено општество - Македонија, 2014. - 50 стр. : илустр. ; 22x22 см

ISBN 978-608-218-198-1

а) Образование - Роми во Македонија - 2005-2014
COBISS.MK-ID 96223754

**Програма за образование на Роми:**
**Десет години подоцна – Промените зад бројките**

За потребите на овој извештај, користени се фотографии од проектни активности, како и изјави и материјали од претходни публикации изготвени во рамките на Програмата. Им благодариме на сите што ги споделија своите мислења и ставови за ефектите од Програмата.

Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој, на Владата на Соединетите Американски Држави, на детската фондација „Песталоци“ и на Ромскиот образовен фонд.

Благодарност до донаторите

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Pestalozzi Children's Foundation
Education and intercultural competence – worldwide
ROMA EDUCATION FUND
FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# БЛАГОДАРНОСТ

*Тимот на Програмата за образование на Роми изразува благодарност и им оддава признание на сите со кои и за кои работеше во изминатите десет години.*

*Најнапред им благодариме на наставниците кои активно учествуваа во голем број обуки и кои според нивните искази, предизвикаа позитивна промена во нивните ставови, пристапи и методи на работа со учениците. Им благодариме и на образовните институции – основните и средните училишта, високообразовните институции и на нивните раководства за нивните напори и посветена работа. Веруваме дека добрите практики, новостекнатите знаења и искуства ќе продолжат да ги применуваат со ист ентузијазам и посветеност и по завршувањето на Програмата. Ова е исклучително важно затоа што создавањето стимулативна училишна средина, која ќе биде во состојба да одговори на вистинските потреби на децата, која ќе ја засили интеракцијата помеѓу учениците, ќе го поттикне учењето и критичкото мислење и ќе придонесе за повисоки образовни резултати кај сите ученици е процес кој никогаш не завршува.*

*Благодарност до родителите што нѐ поддржуваа и веруваа во нашата работа, во работата на училиштата и на наставниците. Тие се најважната алка во постигнувањето подобри резултати на нивните деца. Соработувавме, споделувавме успеси и падови, учевме едни од други и никогаш не престанавме да веруваме дека тоа што го правиме е за подобро и поквалитетно образование и е во најдобар интерес на децата. Тука беа и невладините организации и локалните заедници („Дендо вас“, во населбата Даме Груев, Скопје; „Врама си“ во населбите Лозја, Бавчи и Бараки и „Кхам“ во Средорек во Куманово и „Помош за хендикепирани и сиромашни“ во Тризла, Прилеп) кои ги отворија вратите, ја прифатија нашата рака на вистинско партнерство и нашата поддршка за нивно институционално јакнење. Заеднички работевме на надминување на образовните проблеми во нивните локални заедници и на остварување на заеднички зацртаните цели и задачи за повисоки образовни постигнувања на нашите корисници. Им благодариме на колегите од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ за нивното партнерство во спроведување на обуките за наставниците и техничката помош за училиштата.*

»

*Благодарност им изразуваме на нашите партнери и донатори –Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД), детската фондација „Песталоци“ од Швајцарија и Ромскиот образовен фонд од Будимпешта кои делеа исти стратешки интереси и работеа на остварување на исти стратешки приоритети и цели со ФООМ. Им благодариме за несебичната поддршка и разбирање на спецификите на македонскиот контекст и потребите на децата и младите Роми. Препознавајќи ги клучните прашања и проблеми на Ромите во образованието, тие придонесоа за унапредување на образовниот статус на ромската етничка заедница во државата.*

*Им благодариме на Министерството за образование и наука, на Управата за унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците што ги препознаа интервенциите од оваа Програма во средното образование како успешни примери на добра практика, што ги презедоа како свои и продолжија да ги реализираат како системска мерка во образованието на ромската етничка заедница.*

*И конечно, да им оддадеме признание на над трите илјади деца и млади Роми, корисници на Програмата, за вложениот труд, напорната работа и постигнатите резултати. Тие се капиталот, наследството што оваа Програма го остава зад себе.*

*Им благодариме на сите што веруваа во нас и нè поддржуваа, но и на тие што нè критикуваа. Помагавме колку што можевме и најдобро што можевме. Нескромно би било да кажеме дека во сите овие години направивме чуда. Но она во што цврсто веруваме е дека придонесовме животот на многу деца и млади Роми во нашата држава да се смени на подобро. Сега е ред на нив да ги продолжат отпочнатите промени и силно да се застапуваат за интеграција на Ромите во македонското општество.*

*Од тимот на Програмата*



**ВЛАДИМИР МИЛЧИН**, извршен директор на Фондација Отворено општество-Македонија

*На почетокот на деведесеттите години на 20 век Македонија беше сиромашна земја. И денес, во втората декада на 21 век, Македонија е сиромашна земја и огромен дел од нејзиното население живее во беда. Но, сиромаштијата на македонските Роми е најдрастична. Условите во кои живеат Ромите во импровизираните населби на рабовите на најголемите градови во Македонија се толку лоши што неизбежно водат во социјална маргинализација, исклученост и резигнација.*

*Веќе во првата година од своето постоење, есента 1992 година, Фондацијата отворено општество - Македонија ја утврди социјалната инклузија на Ромите како еден од своите најважни долгорочни приоритети. Вклучувањето во образовниот систем на сите нивоа, достапноста на здравствените услуги, самовработувањето, домувањето, ромските медиуми и невладини организации беа континуирано поддржувани финансиски и експертски.*

*Ние во Фондацијата бевме свесни дека нашите финансиски ресурски не се доволни за остварување промена која ќе ги извлече Ромите од маргините на општеството. Но, за да се случи тоа, неопходно беше да им се помогне на ромските деца и млади не само да се запишат во градинките, училиштата и универзитетите, туку и успешно да го заокружат своето образование, наспроти на лошите услови за живеење и крајно ограничените финансиски можности.*

*Денес можеме да кажеме дека промената е видлива благодарејќи на поддршката која во клучниот момент пристигна од УСАИД, детската фондација „Песталоци“ и Ромскиот образовен фонд. Партнерството траеше цели 10 години и покажа и докажа дека исклученоста на Ромите од образованието не е и не може да биде нивна судбина.*



**ЛЕЛА ЈАКОВЛЕСКА-ЈОШЕВСКА**, виш специјалист за образование во УСАИД

*Во текот на последните десет години, Проектот на УСАИД за образование на Ромите работеше на една многу благородна цел – подобрување на образованието на ромската младина во Македонија. Се чувствувам почестена што имав таква привилегија да го супервизирам проектот во текот на целиот десетгодишен период. УСАИД и ФООМ имаа храброст и визија да се зафатат со постигнување на една многу амбициозна цел како што е подобрување на образованието на Ромите во предучилишното, основното, средното и високото образование – огромен зафат дури и за најсмелите и најбогатите. Сите вклучени во проектот, вклучувајќи ме и мене, стремевме фанатично да ги постигнеме поставените цели, но во исто време чувствувавме голема неизвесност поради комплексната природа на проблемот.*

*Појдовната студија покажа дека бројките на образованите Роми се едноцифрени, дека предрасудите и маргинализацијата се широко присутни, а дека очекувањата за академски успех се ниски, дури и помеѓу самите Роми. Како што очекувавме, не можевме да најдеме брзи решенија за таквиот долготраен проблем. Сите десет години од имплементацијата на проектот работевме упорно со учениците, нивните родители, наставниците, ромските заедници, а во исто време пред Владата на Република Македонија и донаторската заедница настојувавме образованието на Ромите да добие посебно внимание, силна поддршка и координирани напори. Заедничките напори на сите пријатели на образованието на Ромите се исплатија повеќекратно. Денес, по десет години, не тврдам дека образованието на Ромите и нивната целосна интеграција во општеството се завршена работа. Но, тврдам дека сега имаме друга реалност – стотици образовани Роми, од кои мнозумина се вработени, кои се модели за помладите Роми и најдобри адвокати за потребите на ромската заедница. Сите ние кои работевме на Проектот за образование на Роми се чувствуваме збогатени со ова непроценливо искуство, за што јас сум многу благодарна. На младите Роми им честитам и им посакувам искрени желби за просперитетна иднина, од срце!*



**АЗБИЈА МЕМЕДОВА**, претставник на детска фондација „Песталоци“ во Македонија



**АРГИНЕ НАХАПЕТЈАН**, програмски директор за Југоисточна Европа, детска фондација „Песталоци“

*Посветени на поддршката за реализација на правото на децата на образование и промоција на културните различности, во последните десет години детската фондација „Песталоци“ поддржа голем број активности во рамките на Програмата за образование на Ромите. Врз основа на потребите, постигнатите резултати и научените лекции од секоја година на спроведување на проектот, Програмата се проширувaше во обем, од обезбедување директна образовна поддршка за децата од ранливите групи, сензитивизирање на родителите, наставниците и другиот персонал во училиштата, до развивање и презентација на добри модели за квалитетно инклузивно образование, директно насочено кон зајакнување и развој на интеркултурните компетенции на децата и на сите чинители во образованието.*

*Резултатите постигнати во однос на образовниот успех на децата придонесоа за менување на широкорасипространетите предрасуди дека ромските деца, особено девојчињата, „не го вреднуваат образованието поради својата традиција“. Постигнатите резултати потврдуваат дека секое дете може да постигне значителни образовни успеси доколку тоа има еднаков пристап до образованието, ја добива потребната поддршка од сите одговорни страни и не е дискриминирано поради својата социјална и економска состојба, етничката и верската припадност.*

*Секоја година, стотици деца од различни генерации успешно го завршуваат своето образование благодарејќи на поддршката прилагодена на нивните потреби. Многу родители го зголемија сопственото знаење за правата на децата и се вклучија во образовниот процес на своите деца. Наставниците обучени да применуваат методики кои во центарот ги ставаат децата, правата на децата и интеркултурното образование, ги прилагодија наставните програми на локалните потреби и преку примена на интерактивни наставни методи им помогнаа на учениците да ги надминат предрасудите и го зајакнат мирниот соживот.*

*Предизвик останува усвојувањето на успешните модели развиени во рамките на Програмата од страна на надлежните институции. Анализата на проектот ги идентификуваше и ги документираше бариерите и празнините во однос на пристапот до образование за децата од ранливите групи и потврди дека образованите деца и младинци со развиена самодоверба и опремени со интеркултурни вештини се во можност да дадат значаен придонес во намалувањето на сиромаштијата и во општествениот развој. Затоа е потребна државна поддршка за афирмативните акции наменети за ранливите групи, паралелно со генералните образовни политики за сите деца.*



**МАРИУС ТАБА**, офицер за мониторинг и евалуција во Ромскиот образовен фонд

*„Ромаверзитас“ е основан во Македонија во 2001 година од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија. Од 2006 година, Ромскиот образовен фонд обезбедува финансиска помош и техничка поддршка за оваа компонента на Програмата за образование на Роми. Ромскиот образовен фонд и ФООМ континуирано работеа на подобрување на услугите за студентите, со цел тие подобро да одговараат на нивните индивидуални потреби. На пример, Програмата го смени фокусот од менторство (2001 - 2006) кон академско туторство (2006 - 2013) и други услуги кои ги одразуваат трендовите на пазарот на трудот,[1] со што произведе позитивни резултати.*

*„Ромаверзитас“ функционира веќе 13 години и има за цел да ги развива младите талентирани ромски студенти. Еден од клучните резултати на оваа Програма е зголемената стапка на завршување на високото образование, заедно со можностите за продолжување на образованието или вработување на корисниците. Иако самодовербата на ромските интелектуалци, ромскиот идентитет и култура не беа експлицитно во фокусот на Програмата, последните развојни моменти во Македонија покажуваат нова генерација на млади, горди Роми, професионалци кои студираат и работат во сите сфери на јавниот живот и го нагласуваат влијанието на „Ромаверзитас“. Тие се новиот бран на застапувачи за ромските прашања, кои ги здружија силите за да ги формираат и поддржат новите ромски младински заедници.[2] На пример, дипломците на „Ромаверзитас“ сега работат во локалните самоуправи, а неколкумина од нив работат и во централната влада каде што се носители на високи функции. Други дипломци се активни во невладините и меѓународните организации и придонесуваат за спроведувањето на интервенциите на јавните политики на национално и меѓународно ниво,[3] додека третата група дипломци одлучија да работат како воспитувачи во предучилишно образование, наставници во основното и средното образование, со што претставуваат дел од видливото зголемување на учеството на Ромите во проекти поврзани со образованието. Во насока на овие позитивни развојни моменти, Ромскиот образовен фонд ја поздравува натамошната соработка со „Ромаверзитас“ и нејзините дипломци во иднина.*

(1) „Ромаверзитас“ беше предмет на надворешна евалуација секои две години (во 2007, 2009 и 2011 година), а наодите од евалуацијата му овозможија на Ромскиот образовен фонд да ја прилагоди Програмата. За повеќе информации во врска со показателите, видете кај Велковски (http://www.romaeducationfund.hu/sites/default/files/publications/romaversitas_evaluation_2010-2011_final_ref.doc).

(2) Зголемениот број апликации за универзитетски стипендии и константното зголемување на бројот на апликации за „Ромаверзитас“, како и списокот на чекање, се јасни показатели дека овие интервенции наидоа на голем интерес кај студентите.

(3) Дипломците на Ромаверзитас работат во седиштето на РЕФ, Фондациите Отворено општество и во други меѓународни организации.



**РЕЏЕП АЛИ ЧУПИ**, директор на Управата за унапредување на образованието на јазиците на припадниците на етничките заедници при Министерството за образование и наука на РМ

# ОД ПРОЕКТ ДО ОДРЖЛИВА ПОЛИТИКА

*На почеток би сакал да изразам задоволство што бев дел од Програмата која им помогна на многу средношколци и студенти Роми денес да бидат проактивни индивидуи во македонското мултикултурно општество и активно да придонесуваат во неговиот развој. Сметам дека многу важен придонес на Програмата е тоа што им помогна на многу млади Роми да добијат можност и поддршка да се школуваат, да се запознаат меѓу себе и преку активностите на Програмата да ги збогатуваат своите знаења, да стекнуваат нови искуства и да развиваат вештини кои тогаш им беа од корист во вршењето на нивните секојдневни задачи како студенти, а денес и во нивната работа како професионалци во своите области на дејствување.*

*За мене е особена чест што и јас бев дел од таа Програма и многу сум им благодарен на донаторите кои во тој период ми помогнаа преку стипендијата и дополнителната академска поддршка успешно да ги завршам додипломските студии по право. Во текот на студиите, покрај стипендијата и дополнителната академска поддршка, јас добив можност да работам како асистент во Програмата за образование на Роми, во „Ромаверзитас“, во периодот од 2005 до 2007 година, а по дипломирањето од 2008 до 2012 година бев член на Извршниот одбор во фондацијата.*

*Сега работам во Министерството за образование и наука како директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците. Во 2008 година, кога ја добив понудата за работа во Министерството, многу се двоумев дали да продолжам со школувањето или да го прифатам предизвикот и да се обидам преку функцијата да ѝ вратам нешто на заедницата поради која и бев поддржан како стипендист од Програмата за образование на Роми додека студирав.*

*Решив да се посветам на двете работи, запишав постдипломски студии по европска и меѓународна политика со дипломатија и ја прифатив функцијата директор на Управата. Не бев сигурен дали најдобро ќе се снајдам во таа улога, но сметав дека сум доволно подготвен да се соочам со таков предизвик имајќи ги предвид вештините, знаењата и искуствата што ги стекнав како корисник и асистент во Програмата, а чувството на обврска дека еден ден треба да ѝ вратам на заедницата беше пресудно да прифатам.*

»

*Денес по 5 години работа во Министерството за образование и наука, горд сум што од учебната 2009/10 година успеавме дел од Програмата за образование на Роми, делот за стипендирање и менторство на средношколци-Роми, да го преземеме и со поддршка на Ромскиот образовен фонд од Будимпешта да го продолжиме стипендирањето на средношколците-Роми. Претходно во 2008 година, имајќи предвид дека средното образование стана задолжително и бесплатно, Министерството додели вкупно 650 стипендии на сите средношколци-Роми запишани во прва година на средното образование.*

*Од 2009 година Министерството за образование и наука, преку Управата со која раководам, годишно доделува во просек по 600 стипендии за сите средношколци-Роми, обезбедува дополнителна поддршка преку менторство за сите и туторство за оние средношколци кои се во завршна година, со цел успешно полагање државна матура и продолжување на нивното образование на некој од факултетите во и надвор од државата. До овој момент вкупно се доделени 2.862 стипендии, 420 ученици успешно завршија средно образование и секоја година во просек по 40% од завршените средношколци го продолжуваат своето образование на некој од факултетите во државава.*

*Тоа што го почна Програмата за образование на Роми како проект, денес е јавна и одржлива политика на Министерството за образование и наука насочена кон поддршка на средното образование на ромската заедница во земјава. Сакам да искажам благодарност до донаторите (УСАИД, Фондацијата Отворено општество-Македонија, Ромскиот образовен фонд, детската фондација „Песталоци“) и сите други кои повеќе од една деценија вложија и сè уште вложуваат средства и енергија за подобрување на образовното ниво на Ромите во Македонија и најмногу од сè што придонесоа во градењето индивидуи кои денес се на важни раководни позиции во државата и граѓанскиот сектор од каде што го помагаат развојот на заедницата и генерално на македонското општество во целост.*

*Верувам и очекувам во иднина многу други активности кои биле почнати како проекти да станат одржливи програми во рамките на институциите преку кои ќе се осигура напредокот кој посакувам да биде со позасилено темпо, имајќи предвид дека на сцената доаѓа млада, добро едуцирана и полна со ентузијазам генерација која ќе работи во интерес на заедницата и се разбира, државата.*

# ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ

Програмата за образование на Роми на Фондацијата „Отворено општество – Македонија“ (ФООМ) почна во јуни 2004 година со финансиска поддршка на американскиот народ преку УСАИД (Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој), како и преку ФООМ и детската фондација „Песталоци“ од Швајцарија. Целите на Програмата дополнително ги поддржаа ОБСЕ и Амбасадата на Унгарија во РМ, со финансирање на средношколската компонента и Ромскиот образовен фонд (РЕФ) од Будимпешта, кој ја поддржа универзитетската компонента.

**Главната цел на Програмата** беше да им помогне на учениците-Роми да останат во училишниот систем и да ги подобрат успехот и редовноста преку позитивни интервенции во сите образовни нивоа во повеќекултурни мотивирачки средини каде што ромските деца се целосно интегрирани во наставата и учењето.

**Специфични цели на Програмата беа:**

**1.** Да се обезбеди подобра образовна основа за децата-Роми од предучилишна возраст за влез во основното образование;
**2.** Да се подобри стапката на задржување, проодност и успех на опфатените ученици-Роми од основното образование;
**3.** Да се подобри стапката на задржување, проодност и успех на опфатените ученици-Роми од средното образование;
**4.** Да се зголемат академските достигнувања на студентите-Роми.

**Активностите на Програмата** особено се фокусираа на преодните точки (од одделенска во предметна настава, од основно во средно, како и од средно кон високо образование) каде што децата и младите Роми се најранливи за напуштање на образовниот систем. Програмата се реализираше преку компонентите за предучилишно, основно, средно и високо образование.

**Компонентата за предучилишно и основно образование** се спроведуваше во партнерство со неформалните ромски образовни центри (РОЦ), активни во пет ромски населби во Скопје, Куманово и Прилеп: „Сончогледи“, во Кланица, Скопје (2004 – 2011 г.) и „Дендо вас“, во населбата Даме Груев, Скопје; „Врама си“ во населбите Лозја, Бавчи и Бараки и „Кхам“ во Средорек во Куманово и „Помош за хендикепирани и сиромашни“ во населбата Тризла во Прилеп.

Дел од активностите се реализираа во соработка со седум основни училишта: „Ѓорче Петров“ и „Страшо Пинџур“ од Скопје, „Крсте Мисирков“, „Браќа Миладиновци“, „11 Октомври“ и „Христијан Карпош“ од Куманово и „Добре Јовановски“ од Прилеп. До крајот на учебната 2010/11 година, проектот се реализираше и во основното училиште „Браќа Миладиновци“ од Скопје. Дополнителни три основни училишта („Браќа Рамиз и Хамид“ и „26 Јули“ од Скопје и „Ѓорѓи Сугарев“ од Битола) беа вклучени во делот на обуки и техничка помош, предвидени со оваа компонента во првите години од реализацијата на Програмата.

Во соработка со средните училишта во земјава, ФООМ ги спроведе активностите наменети за средношколците, а делот од ФООМ познат како „Ромаверзитас“ ги имплементираше активностите од универзитетската компонента насочени кон поддршка на студентите-Роми.

> *„Крајната цел на Програмата за образование на Роми беше да создаде критична маса од образовани Роми, кои ќе го прекинат циклусот на сиромаштија и исклучување и ќе придонесат за интеграција на ромската заедница во македонското општество.“*



# КОМПОНЕНТА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во активностите на ромските образовни центри насочени кон подобрување на познавањето на македонскиот јазик, основните знаења за математика, како и подобрување на социјалните и когнитивните вештини, беа вклучени над 250 деца на предучилишна возраст годишно.

Секоја година, околу 900 ученици од основното образование во ромските образовни центри секојдневно добиваа дополнителна вонзколска поддршка за пишување домашни задачи, туторство по одделни предмети, курсеви по англиски јазик и компјутери, креативни и други работилници. Центрите ја обезбедуваа врската меѓу ромските семејства и училиштата и во соработка со училиштата спроведуваа едукативни и други активности наменети за родителите.

Користејќи ги своите обучувачи и обучувачите од Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, ФООМ обезбеди обуки за наставниот и административниот персонал во проектните основни училишта за иновативни наставни методи насочени кон детето, за образование за социјална правда, за детски права, интеркултурно образование и обуки за развивање на организацискиот капацитет на училиштата за изработка на планови за подобрување на училиштата. Овој приод промовира развој на демократски училишта во кои раководството, наставниот кадар и заедницата работат заедно за постојано унапредување на позитивните резултати кај децата. Секоја учебна година, училиштата добиваа дидактички материјали, а во зависност од своите потреби, добија и техничко-советодавна помош за поефикасна примена на здобиените знаења и вештини во образовниот процес и во зацврстувањето на врските на училиштето со локалната заедница.

Училиштата имаа можност да развијат и да спроведат мали иницијативи и проекти кои имаа за цел да го промовираат интеркултурализмот како вредност и како важна димензија на едно инклузивно училиште, како и да поттикнуваат, развиваат и негуваат позитивна интеракција и соработка помеѓу учениците од различни етнички, социјални и културни средини.







*Ако во минатото беше проблем родител-Ром воопшто да влезе во училиште, или да каже нешто, или можеби од различни причини самиот не можел да даде некаков придонес, сега тоа не е проблем... Родителите самите ме избраа да ги застапувам интересите на нивните деца, самите доброволно дадоа предлог, а подоцна во Советот на родители ме избраа во онаа група што ќе одлучува на ниво на целото училиште.*
(родител, член на училиштен одбор)

**ЖАКЛИНА ДУРМИШ**, извршен директор, Ромски образовен центар „Дендо вас“ – Скопје





# ПРОГРАМАТА ИМ ЈА СМЕНИ НА ДЕЦАТА ВИЗИЈАТА ЗА НИВНИОТ ЖИВОТ И КАРИЕРА

Програмата ни овозможи нам, на едукаторите и менаџерите на ромските образовни центри, преку најразновидни обуки да ги изградиме нашите лични капацитети и знаења, а со тоа да ги подобриме и да ги направиме поквалитетни нашите услуги за корисниците и заедницата. Исто така, тројца наши вработени успешно го завршија деветмесечниот „Em Power“ курс за интеркултурно образование на детската фондација „Песталоци“ од Швајцарија, кои потоа своето знаење го пренесоа во нашите организации и го преточија во активностите со децата. Нашето искуство и позитивни практики ги споделувавме со сите заинтересирани – други невладини организации, училишта, ромски заедници, но и на меѓународни конференции со колеги од други земји кои работат на овие прашања. Активно учествувавме со наши предлози и мерки во изготвувањето на сите национални стратешки документи за интеграција на Ромите изготвени и усвоени од Владата на Република Македонија.

Кога ја започнавме Програмата, ги прашувавме децата што сакаат да бидат кога ќе пораснат. Девојчињата најчесто одговараа дека сакаат да бидат чистачки во амбуланта, во некоја институција, а најголемата желба на девојчињата беше да работат како чистачки во училиште. Најголемиот број од момчињата на ова прашање одговараа дека сакаат да работат во „Комуналец“. Сега, кога сме на крајот на оваа Програма, повторно им го поставивме истото прашање, но одговорите што ги добивме се сосема различни од тие на почетокот. И момчињата и девојките одговараат дека сакаат да бидат лекари, наставници, архитекти, адвокати и др. Програмата не само што влијаеше врз подобрување на нивните училишни резултати и врз зголемување на самодовербата, туку им ја смени визијата на децата за нивниот живот и кариера.

*„Забележав поголем интерес од страна на родителите. Тие сакаат да дојдат и да добијат информации за многу работи. Претходно тие не беа доволно заинтересирани, а сега ако има потреба доаѓаат по сопствена иницијатива, што е многу корисно.“*
(педагог во основно училиште)

# ГИ ПОМАГАВМЕ ДЕЦАТА, НО И ЗАЕДНИЦИТЕ ВО КОИ РАБОТЕВМЕ

**АНЕТА ДОДЕВСКА**,
Ромски образовен центар
„Врама си“ - Куманово



На почетокот од Програмата се соочивме со многу предизвици. Проблем беше уписот во прво одделение, големо беше осипувањето, нередовноста во наставата, а со тоа и слабите резултати на децата. Најголемиот дел од нив ги надминавме со нашата работа и со соработката со родителите и училиштата. Некои од овие предизвици, врз кои, за жал, Програмата не може да влијае, сè уште останаа – дел од децата од заедниците во кои работиме отсуствуваат од училиште во почетокот на годината, зашто нивните родители одат на сезонска работа, особено во периодот околу гроздоберите. По визната либерализација, дел од ромските семејства од Куманово заминуваат и во западноевропските земји барајќи азил. Таму се задржуваат во просек по неколку месеци, но нашиот центар игра многу важна улога по враќањето на овие деца и нивната реинтеграција во образовниот систем. Работиме со нив индивидуално, им помагаме полесно да го совладаат испуштениот наставен материјал и да го положат одделенскиот испит. Горди сме кога овие деца ќе го завршат одделението и ќе го продолжат образованието во средно училиште и на факултет.

Во изминатите десет години, нашата организација спроведе и низа други акции кои не само што ги помогна децата, туку и ромските заедници во кои работиме. Би ги навела акциите за собирање на стари учебници (во годините пред да станат тие бесплатни за сите ученици), за собирање и поделба на стара облека и обувки, еколошки акции, акции за имунизација на децата-Роми.



*Економската ситуација во Македонија не е сменета, работите сè уште треба драматично да се сменат. Бројките што ги гледаме на телевизија (економските показатели) не се добри, не ни се допаѓа она што се случува. Но Програмата за образование на Ромите ги реализираше работите! Нејзините 'бројки' се зголемуваат и изгледа добро."*
(претставник на РОЦ)

**МИЛАН ДЕМИРОВСКИ**, извршен директор, Ромски образовен центар „Кхам" – Куманово




# НАШАТА РАБОТА РЕЗУЛТИРАШЕ СО МНОГУ СРЕДНОШКОЛЦИ И СТУДЕНТИ РОМИ ВО НАСЕЛБАТА СРЕДОРЕК



Пред отпочнувањето на Програмата, децата на четиригодишна, петгодишна и шестгодишна возраст го познаваа само ромскиот јазик, многу деца од населбата Средорек предвреме го напуштаа училиштето, а чести беа и раните бракови. На една рака едвај се броеја децата што ги завршуваа основното и средното, а да не зборуваме за високото образование. Денес состојбата е сменета, нашата работа со децата пред поаѓање во училиште помогна не само полесно да го совладаат македонскиот јазик, туку и поподготвено да почнат во прво одделение. Основците знаеја дека едукаторите од центарот се секогаш тука да им помогнат да ги напишат домашните задачи и подобро да се подготват за наредниот училиштен ден. Тие се мотивирани и редовни во наставата, а училишниот прибор што го добиваат од центарот значи многу за нивниот домашен буџет. Некои од корисниците, користејќи стипендија и друга поддршка од Програмата, успеаја да завршат и високо образование, а некои од нив дури и да се вработат во државните институции.

Една од најважните придобивки на Програмата се вклученоста на родителите и нивниот зголемен интерес за образованието на нивните деца. Нашето досегашно искуство од соработката со родителите е позитивно. Индивидуалните разговори, посетата во нивните домови, родителските состаноци, разните трибини и едукативните работилници на различни теми вродија плод, се зголеми свеста кај родителите за значењето на образованието, а исто така драстично се намали и бројот на рани бракови од населбата. Сите овие години ѝ помагаме и на самата ромска заедница при пополнување на документација за остварување на социјална помош, здравствена заштита итн. Во соработка со Здравствениот дом од Куманово, секоја година организиравме имунизација на децата од населбата Средорек. За успешната работа и постигнатите резултати на центарот, во текот на овие десет години ја добивме и „Ноемвриската награда" од страна на градоначалникот и Советот на град Куманово.

*Програмата воведе нови методи за интеракција и нови начини за комуникација меѓу училиштата и наставниците: нема повеќе 'учи, учи и учи', туку "'ние сме тука да ви помогнеме, ги разбираме вашите грижи и потреби, ќе работиме заедно'."*
(претставник на РОЦ)

**ЖАРКО ГИНОВСКИ**, извршен директор на Ромски образовен центар „Романо про Англе“ – Прилеп



# РОМСКИТЕ РОДИТЕЛИ СЕ ДЕЛ ОД УЧИЛИШНИТЕ ТЕЛА КОИ НОСАТ ОДЛУКИ

Пред десет години, ситуацијата во ромската населба Тризла 2 беше лоша во речиси сите области, здравство, домување, а особено во образованието. На почетоците на Програмата за образование на Роми се судривме со многу предизвици. Беше тешко, не само поради ниската свест за важноста на образованието, туку и поради немањето доверба, отвореност и желба за соработка на сите нивоа.

Но, тоа полека се промени и денес можеме да се пофалиме со партнерски однос и одлична соработка со наставниците од училиштето, со родителите и целата локална заедница, но и со локалната самоуправа во општина Прилеп. Учествуваме во изготвувањето на локалната стратегија за развој на образованието во општина Прилеп, соработувавме со Центарот за социјални работи и со подрачната единица на Бирото за развој на образованието.

Дополнителната воншколска поддршка која им ја дававме на децата во изминатите десет години придонесе за намалување на осипувањето и за подобрување на училишните резултати кај нашите корисници. Денес големиот број завршени основци, средношколци и студенти Роми ја променија сликата за Тризла 2 во Прилеп. Денес ромските родители се дел од советите на родители и од училишниот одбор во ООУ „Добре Јованоски“ и активно учествуваат во донесувањето одлуки.



*„Во нашето училиште се обидуваме да ги зближиме ромската и македонската заедница. Тоа може лесно да се направи преку фолклорни и традиционални танци. Во таа насока организиравме вонннаставни активности во училиштето и ги собравме децата заедно да пеат и да играат: ромските деца го подобрија своето знаење на македонскиот јазик, а македонските деца ги научија ромските танци. Заедно тие создадоа сопствени танци! Кога танцуваат, физичкиот контакт меѓу децата е многу важен, тие учат да се поддржуваат едни со други и си помагаат за да го подобрат*

**АЛЕКСАНДРА ПАВЛОВСКА**,
поранешен едукатор во РЕЦ „Врама си“, а во моментов наставник во ОУ „Христијан Карпош“ Куманово



# ПРОГРАМАТА ГИ ПРОМЕНИ ПРАКТИКИТЕ И КЛИМАТА ВО УЧИЛИШТАТА

*Во Програмата сум вклучена од 2005 г. најпрво како едукатор во Ромскиот образовен центар „Врама си“, а сега како наставник во проектното училиште ОУ „Христијан Карпош“ во Куманово. Имав можност да ја гледам организацијата „Врама си“ како расте со секој нов предизвик, со секоја преземена иницијатива и имплементирана активност, како станува препознатлива во локалната средина, за институциите и за сите релевантни фактори, место каде што локалното население во секое време може да се обрати за помош, совет или поддршка.*

*Подоцна како наставник во едно од проектните училишта, имав можност да поминам серија обуки (за методологијата „Чекор по чекор“, интерактивните методи „Со читање и пишување до критичко мислење“, за „Социјална правда“, „Детски права“ „Интеркултурно образование“ итн.) што ни овозможи нам наставниците да добиеме ново знаење и искуство. Овие обуки ни помогнаа да ја подобриме нашата секојдневна работа со учениците во училница и тие веќе се дел од нашите годишни, тематски и дневни планирања. Малите интеркултурни училишни иницијативи овозможија учениците, родителите и наставниците од нашето училиште да бидат не само креативни и заеднички да работат на различни теми од нивен интерес, туку и да научат да ги почитуваат различностите, да научат многу едни за други и да другаруваат. Завршните манифестации на овие мали иницијативи беа, всушност, настани во кои учествуваше и пошироката заедница, а на нив учениците гордо презентираа сѐ што сработиле.*

*Интеркултурните содржини по одредени предмети, интеркултурните работилници и активности, како и активностите за детски права се исто така дел од годишните програми за работа на наставниците и годишната програма за работа на училиштето. Тие ги поттикнуваат самодовербата, мотивацијата и позитивно влијаат врз климата во училиштето. Затоа верувам дека училиштата ќе продолжат да ги практикуваат овие иницијативи и активности и по завршувањето на Програмата.*

*успехот. Тоа е простор за сопствена експресија, креативност и развивање долготрајни пријателства. Програмата би можела да помогне во остварување позадоволителни резултати во оваа насока, преку зголемување на бројот на ментори и преку посветување посебно внимание на талентираните деца.“*
(наставник во основно училиште)

















НИЕ НЕ СМЕ ИСТИ!
СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ!
НИЕ СМЕ НАПРАВЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ БОИ
И РАЗЛИЧНИ КУЛТУРИ,
ВЕРУВАМЕ ВО РАЗЛИЧЕН БОГ!
НО ТИЕ НАШИ РАЗЛИКИ
ГО ПРАВАТ ПОУБАВ ЧОВЕЧКИОТ РОД
WE ARE NOT THE SAME! WE ARE ALL DIFFERENT!
WE HAVE DIFFERENT COLOURS,
BELONG TO DIFFERENT CULTURES,
AND WE BELIEVE IN A DIFFERT GOD!
BUT ALL THOSE DIFFERENCES
MAKE THE HUMANKIND
MORE BEAUTIFUL!
МИ НИСМО ИСТИ!
СВИ СМО РАЗЛИЧИТИ!
СТВОРЕНИ ОД РАЗЛИЧИТИХ БОЈА
И РАЗЛИЧИТИХ КУЛТУРА,
ВЕРУЈЕМО У РАЗЛИЧИТОГ БОГА!
АЛИ ТЕ НАШЕ РАЗЛИКЕ
ПРАВЕ ЉУДСКИ РОД ЛЕПШИ!
AMEN NA SAM JEKH!
SAVORE SAM BUT MAJVAVER
AMEN NA SIJAM KERDE KATAR
MAJAVER KOLORO THAJ MA
KULTURE, PACHAS KO
VAVER DEVEL!
ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ РАЗЛИКИТЕ
И ДА ГО НАПРАВИМЕ СВЕТОТ ПОРАЗЛИЧЕН,
ПОИНТЕРЕСЕН, ПОБОГАТ.
НЕМА ПОТРЕБА ОД ОМРАЗА,
ОГА ВЕЌЕ ЉУБОВТА Е ТУКА.
СИТЕ НИЕ
СМЕ РАЗЛИЧНИ,
НО СЕПАК
ТОЛКУ МНОГУ ИСТИ!
РАЗЛИКЕ
СВЕТ РАЗЛИЧИТИЈИ,
БОГАТИЈИ.
ЗА МРЖЊУ,
УБАВ ТУ.
СВИ СМО МИ Р
АЛИ ИПАК
ТОЛИКО ИС
TAKE ADVANTAGE OF THE DIFFERENCES
ET'S MAKE THE WORLD
TERESTING AND RICHER.
NO NEED OF HATRED,
LOVE IS AMONG ALL OF US.
WE ARE ALL DIFFERENT,
BUT VERY MUCH
THE SAME!
SAVORE AMEN
SAM MAJVAVER,
NO PALEM SAM
BUT JEKH!
LAS LE AMENGE O MAJAVER THAJ TE KERAS AMENGE
UMA POMAJVAVER, MAJBITINTERESNO, MAJBARVALO.
J SOSE TE OVEL AMEN DUSMANLOKO,
KANA SIMEN MASKHAR AMENDE
AKATE O MANGIPE.

# КОМПОНЕНТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во периодот 2004 – 2008 г., Програмата обезбеди стипендија за 262 средношколци-Роми (од 1 година до завршување на нивното средно образование), менторска помош во училиште, како и дополнителна образовна поддршка преку учество на стипендистите во разни обуки, летни и зимски школи, курсеви по англиски јазик и компјутери. Вкупно 200 од првично запишаните 262 средношколци-Роми (или 76.00%) го завршија средното образование (153 средношколци-Роми со четиригодишно образование и 47 со тригодишно средно стручно образование).

Во учебната 2008/09 година, 102 средношколци-Роми од трета година на четиригодишно средно образование со среден успех од најмалку 3.0. добиваа стипендија и менторска помош за подобра подготовка на матурските испити во текот на две учебни години, до завршување на нивното средно образование (2008-2010). Од нив 98 продолжија да добиваат стипендија и дополнителна образовна поддршка и во учебната 2009/10 година.

Стипендиите обезбедија финансиска поддршка за задоволување на потребите на опфатените средношколци-Роми, поврзани со учењето (учебници, дополнителни наставни материјали, превоз, храна, облека и слично). Задржувањето и обновувањето на стипендијата зависеа од редовноста, постигнатиот успех и успешниот премин во секоја година едноподруго од средното образование.

Менторството имаше за цел да помогне во надминувањето на недостатоците и пропустите во знаењата наследени од претходниот степен на образование. Преку јавен конкурс беа избрани 157 наставници од средните училишта од различни предмети, кои индивидуално и организирани во менторски тимови им даваат менторска поддршка на стипендистите во проектните училишта на дневна основа. Менторите добија основни и напредни обуки, како и соодветна стручна литература за ефективно менторство на стипендистите и за работа со нивните родители. Нивна примарна задача беше директното подучување од предметите по кои учениците покажуваа послаби резултати и/или имаа проблеми со совладувањето на наставниот материјал. Тие, исто така, ја поттикнуваа и помагаа нивната интеграција во училишната заедница, им помагаа во развивањето вештини за планирање, организација и добри навики на учење, ги поттикнуваа нивната мотивација и интерес за вклучување во вонаставни и други активности достапни во училиштето.

Дополнителната образовна поддршка овозможи проширување на знаењата и интересите на средношколците вклучени во Програмата преку учество на зимски и летни школи на најразлични теми (презентациски и комуникациски вештини, лидерство, „Учиме право“ итн.). Стипендираните средношколци имаа можности и за посетување курсеви за англиски јазик и компјутери.





*„Необразованата жена-Ромка станува минато, ние го разбивме овој стереотип. Ако можев јас, ако можевме ние, тогаш ќе можат и другите што доаѓаат по нас.“ (корисник)*

**ТЕФИК МАХМУТ**, корисник на средношколската компонента



# СО ЗНАЕЊЕ И ЛИЧЕН ПРИМЕР ДА ГИ ПРОМЕНИМЕ РАБОТИТЕ НА ПОДОБРО

*Потекнувам од Шуто Оризари, една од најголемите ромски населби во Македонија и во Европа. Населба која низа години се препознаваше како ромско гето со лоши услови за живот и ниско образование. Населба во која надежите за поубав живот сè уште се раѓаат и умираат многу брзо.*

*За да биде мојата животна приказна покомплицирана, останав сам. Го изгубив целото мое семејство кога имав само осум години. Пораснав со дедо ми. Се чувствував немоќно и како што растев, се прашував – како да продолжам и што да правам понатаму?*

*Многумина ќе речат – таквите деца во такви околности ќе завршат на улица. Но јас решив да одберам друг пат. Решив да се образовам за да станам некој и нешто во животот. Се разбира, тоа немаше да биде можно доколку не беше поддршката од ФООМ и Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД). Го добив токму тоа што ми требаше – стипендија, менторска помош, можности за изучување на англиски јазик и компјутери, посета на летни, зимски школи и други обуки. Научив многу за дебата, учиме право и ги зајакнав моите комуникациски и лидерски вештини. Пред мене се отвори еден нов свет и ми понуди нов светоглед.*

*Благодарејќи на нивната поддршка, со одличен успех го завршив средното образование, а потоа го завршив и Правниот факултет како еден од најдобрите студенти со просек 9.8. Наскоро ќе станам магистер по право. Во моментов сум приправник во Европскиот центар за правата на Ромите во Будимпешта. Сега јас, детето без родители, детето од гетото, работам на заштита на човековите права и ѝ помагам на ромската заедница во Македонија да ги ужива тие права, да ја препознаат и да ѝ се спротивставаат на дискриминацијата по кои било основи.*

*Мојата цел и мој животен сон е да станам политичар. Така ќе можам да влијаам врз политиките и вистински да го подобрам животот на нас Ромите. Убеден сум дека на тој начин и со личен пример ќе поттикнам многу млади Роми да учат и со знаење и напорна работа да ги разбијат стереотипите и предрасудите за Ромите и да ги донесат работите на подобро. Мојата генерација соученици и стипендисти на Програмата се токму носителите на тие промени во нашата заедница.*

*„Бидејќи знаеме што ѝ треба на помладата генерација, подготвени сме да дадеме значаен придонес во новата фаза на Програмата. Треба да се фокусираме на продолжување на градењето капацитети, во спротивно, ефектот од сето она што беше направено во претходните години ќе се намали со текот на времето.“ (корисник)*

**ФЕТИЈА ДЕМИРОВСКА**, корисничка на средношколската компонента на Програмата за образование на Роми. Ова е нејзината приказна која ја забележа господинот Раду Флоера, експерт, како дел од завршната надворешна евалуација изготвена во 2013 г.




# ПРИКАЗНАТА НА ФЕТИЈА: НАДМИНУВАЊЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ ЗА РОМСКИТЕ ДЕВОЈКИ

*Многу луѓе често се прашуваат: „Каде ќе бидам за 5 или 10 години?“ Ова прашање е почетната точка за поставување лични цели, а истовремено ви овозможува сами да си одговорите на начин кој соодветствува со одговорот што сакате да го слушнете.*

*Фетија си го поставувала ова прашање во моментите кога чувствувала дека треба да побара одговори за она што го сака. Патот до наоѓањето на одговорите кои не можат да се предвидат не бил без пречки, но бил успешен. Ромска девојка што доаѓа од мал град и од релативно традиционално семејство. Многу стереотипи во заедницата, предрасуди за другите, притисната од традицијата и од конзервативните ставови и мислења. Денес таа е дипломиран социјален работник, а претходно беше корисник на стипендиската програма во рамките на Програмата за образование на Ромите на УСАИД. Таа често зборува за важноста на изнаоѓањето начин за освестување на заедницата и за надминување на стереотипите: „Дента кога го видов своето име на списокот на примени студенти, само една мисла ми помина низ главата: никогаш веќе нема да се вратам дома“.*

*Таа ги кажа истите зборови јавно во рамките на фокус-групата организирана со ромските студенти... но и пред своите сегашни колеги, пред наставниците, пред претставниците на различни институции, на министерствата, пред амбасадорите и пред претседателот на Република Македонија... и пред своите родители, на јавниот настан организиран од Фондацијата „Отворено општество – Македонија“ во чест на првата генерација матуранти, корисници на стипендии.*

*Низ годините, се трудела да стекне неформално образование и сѐ уште го прави тоа. Со години се борела против предрасудите и против стереотипите кои сѐ уште влијаат врз жените-Ромки. Еден посебен ден одлучила да застане пред својата заедница и да се претстави како едукатор за сексуално образование, зборувајќи за придобивките и за ризиците поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, за превенцијата од ризици итн. Тоа било шок за нејзиното семејство и за заедницата. Но нејзините искрени намери биле презентирани на вистински начин, со вистинските зборови и заедницата ги разбрала. Тоа било тешко, но тие сега конечно ја прифаќаат. „Ова е огромен успех за мене и за сликата на жената-Ромка која не била донесена на овој свет да биде домаќинка и мајка. Таа може да биде и едукатор за сексуално образование.“*

*Фетија е горда корисничка на Програмата за образование на Роми. Таа планира да ја продолжи својата кариера како едукатор за сексуално образование и да придонесе во развојот на својата заедница и во еманципацијата на Ромките во Македонија.*

*„Без овој проект многу тешко би се образовале многу деца-Роми во државава поради тешката социоекономска состојба на нивните родители“...*
(корисник)

**АКИФ КАРИМАН**, корисник на средношколската компонента на Програмата за образование на Роми. Ова е неговото обраќање на јавниот настан одржан на 22 мај, 2014 година по повод завршувањето на Програмата



# САКАМ ВО МЕНЕ ДА ГЛЕДААТ СТРУЧЊАК ЧИЈШТО КАПАЦИТЕТ И ЗНАЕЊЕ ЌЕ СЕ ЦЕНАТ И ЌЕ СЕ ВРЕДНУВААТ

*Добар ден на сите и од мене.*

*Пред шест години стоев на ова место и говорев од името на сите матуранти, стипендисти на Програмата за образование на Роми на УСАИД и ФООМ. Зад себе имав беспрекорен успех и бев прогласен за ученик на генерацијата. Но, зад себе имав и еден непријатен настан – една тепачка што ја имав во трета година средно со триесетина деца кои ме нарекоа „циган“. Бев понижен, засрамен и гневен не само поради навредата, туку затоа што си дозволив ученикот на генерација да се однесува насилно. Се прашував, како треба да возвратам на секој што ќе го употреби тој збор, дали треба да се тепам или да ја наведнам главата и да го прифатам тоа дека вредам помалку од другите?*

*За среќа, имаше многу луѓе кои веруваа во мене и благодарејќи на поддршката на моето семејство, но и на стипендијата и на менторската помош од Програмата, успешно го завршив средното образование и се запишав на Медицинскиот факултет во Скопје. Бев единствениот Ром во генерацијата и ми беше многу тешко да се вклопам во новата средина. Секој ден патував на релација Тетово –Скопје - Тетово. Иако добивав стипендија и во текот на студирањето, сепак тие средства не беа секогаш доволни за да го живеам студентскиот живот како другите мои колеги. Имав на располагање по 50 денари на ден за јадење, но се случуваше понекогаш да најдам и 100 денари во џеб затоа што мајка ми одлучуваше да не јаде на работа за да можам јас да пијам кафе со колегите.*

*Денес, шест години подоцна, пред вас стојам повторно јас, Акиф Кариман, но овој пат како апсолвент на медицински факултет и за неколку месеци дипломиран лекар. Денес пред вас стои Акиф Кариман кој не го сонува туку сака да го живее својот сон. Јас не се гледам себеси како член на политичка партија за да ме вработат, ниту пак како државен службеник кој седи дома и зема плата. Јас се гледам себеси како професионалец, како стручњак чијшто капацитет и знаење ќе се ценат и ќе се вреднуваат. Уште како дете сакав да станам педијатар, па се гледам себеси како доктор-специјалист по педијатрија кој ќе се грижи за здравјето на најмладите, на нашите деца. Јас сум и дел од Здружението за јакнење и организирање на ромската заедница „Романо авази“ кое во моментов брои околу 1.000 активни членови од 6 локации во Македонија.*

*„Намалениот број малолетнички бракови меѓу ромските деца и тинејџери е индиректен резултат од проектните активности. Студентите изјавија дека голем број девојки веќе не се мажат додека не ги завршат студиите и/или додека не се вработат. Од друга страна, оние девојки што влегле во образовниот систем и потоа го напуштиле за да се омажат имаат попозитивен став кон образованието и им го пренесуваат на своите деца“...*
(од завршната надворешна евалуација)

*Денес сликата за ромската заедница е поинаква – гледам дипломирани доктори, правници, наставници, социјални работници, психолози Роми. Гледам родители кои ги поддржуваат своите деца, како и комшии и населби кои се гордеат со своите млади. Гледам луѓе кои се гладни за промени, луѓе кои сакаат да студираат, да се вработат според своите квалификации и луѓе кои активно сакаат да учествуваат во креирањето јавни политики. Гледам луѓе кои сакаат да бидат активни чинители во ова општество.*

*Денес гледам поинаку на мојот живот, на мојата иднина и на иднината на ромската заедница. Денес знам дека битките против предрасудите не се водат и не се добиваат со тупаници. Исто така, знам дека не треба да ја веднеме главата и да се чувствуваме помалку вредни од другите, зашто не сме, туку треба со работа и со личен пример да покажеме и да докажеме кои сме и што можеме ние Ромите. Сега предизвикот е во рацете на институциите. Дали тие ќе ме ценат мене и таквите како мене или ќе дозволат да заминам и да работам како доктор во некоја европска земја, се разбира доколку не ме вратат од граница бидејќи сум Ром.*

*Тоа се вистинските битки што треба да ги извојуваме јас и моите другари, колеги од факултет, стипендисти на Програмата за образование на Роми. Ние сме тие што го даваме примерот за помладите генерации Роми што доаѓаат, за помладите, ние сме примерот за нашите деца. Само така ќе ја направиме вистинската промена и ќе го подобриме не само нашиот живот и на нашите семејства, туку и на ромската заедница но и на целото македонско општество. Затоа мора да веруваме во себе и во нашите способности!*

*Благодарам.*


РОМАВЕРЗИТАС
РОМАВЕРЗИТАС
ул. Дренак бр. 34а, Скопје
www
facebook
023296142
ndavceva@romaversitas.edu.mk
www.romaversitas.edu.mk
www.facebook.com/romaversitas
ЗА НАС:
Ромаверзитас има цел да креира критичка
маса на добро едуцирани Роми кои во иднина
е знаат да се застапуваат себеси и својата
заедница. Ромаверзитас работи на дополнителна
кадемска помош за студенти Роми, како и
з неформално образование кое помага
развивање на останатите вештини битни
за развојот на младиот човек и за градење капацитет. Се развиваат вештини кои не можете да ги стекнете на факултет, како на пример: како да напишете добар есеј, како да направите квалитетно студентско истражување итн. Организацијата е дел од меѓународната мрежа UNITED against discrimination.
ЧЛЕНСТВО:
КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ВКЛУЧАМ?
ШТО МОЖАМ ДА НАУЧАМ?
ИНДИКАТОРИ
ОПШТА ЦЕЛ
ЦЕЛИ

# КОМПОНЕНТА ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ („РОМАВЕРЗИТАС“)

„Ромаверзитас“ е дел од ФОО – Македонија, кој ги спроведуваше активностите од Програмата наменети за студентите-Роми. Целта беше да се помогне создавањето на критична маса од високообразовани Роми, идни професионалци во различни студиски области (наставници, лекари, правници, социјални работници, економисти итн.) кои на долг рок ќе ѝ помогнат на својата заедница, ќе се застапуваат себеси, но и ќе се застапуваат и ќе влијаат врз политиките кои можат да го подобрат статусот на Ромите во македонското општество.

Над 80 студенти-Роми годишно ги користеа услугите на „Ромаверзитас“ во зависност од нивниот интерес, областа на студирање и слободното време. „Ромаверзитас“ им обезбеди на студентите неформална образовна поддршка со цел да им помогне за постигнување повисоки академски резултати, полесен премин во следна академска година и нивно навремено дипломирање. Тоа се овозможи прекустипендирање, менторска и туторска помош, дополнителни академски обуки, летни и зимски школи на различни темни, можност за изучување на странски јазици и компјутери како и можност за развивање на своите индивидуални капацитети (лидерство, дебата, учиме право, младински активизам, обуки за пишување бизнис план и самовработување, итн.).

Стипендиите обезбедија финансиска поддршка за покривање на трошоците за школарината, патните трошоци и базичната литература, а студентите што студираа надвор од местото на живеење можеа да ги покријат и трошоците за сместување. Туторството од помлади универзитетски наставници, асистенти и колеги-врсници им помагаше полесно да ги совладаат комплексните академски содржини. Дополнителната академска поддршка им го олесни студирањето и ги прошири нивните академски видици преку најразлични основни обуки, но и со напредни академски обуки, како и со учество на летни школи на теми што самите ги предлагаат.

„Ромаверзитас“ располага со компјутери со постојан пристап до интернет, како и библиотечен фонд, кој постојано се зголемува. Студентите имаат можност да ги користат сите ресурси што им се на располагање и да истражуваат за најновите трендови од своите студиски области.





*„Постарата генерација на ученици-Роми е, всушност, новата генерација родители: тие ги промовираат семејните вредности и во исто време им објаснуваат на децата и на другите членови на заедницата за важноста и корисноста на поседувањето диплома за високо образование“ (корисник)*

**САБИНА РЕЦЕПОВА**, корисничка на универзитетската компонента на Програмата за образование на Роми - „Ромаверзитас“. Ова е нејзиното обраќање на завршниот настан на Програмата одржан на 22 мај 2014 година



# ОБРАЗОВАНИЕТО НИ ОВОЗМОЖИ ДА ВЛИЈАЕМЕ ВРЗ ОДЛУКИТЕ ШТО ГИ НОСИМЕ ВО ЖИВОТОТ

*Добар ден на сите.*

*Најнапред сакам да се заблагодарам за укажаната можност да се обратам на денешниот настан и да го споделам со вас моето искуство како корисник на Програмата за образование на Роми.*

*Пред десет години, јас бев студентка по новинарство на Правниот факултет во Скопје. Ниту беше ниту лесно, ниту едноставно. На моменти се соочував не со двојни, туку со тројни предрасуди и традиционални перцепции од сите страни – ем девојка, ем Ромка, па уште сака да биде новинарка? Но, тоа само ме стимулираше и ме тераше да се трудам повеќе за да бидам одличен студент и да им покажам дека и девојката-Ромка може да биде подеднакво успешна, ако не и поуспешна студентка од другите. Ја имав и таа среќа уште на почетокот од моето студирање да ја добијам и неопходната поддршка од Програмата. Добивав стипендија, менторска помош, учествував на летни школи и на многу други неформални обуки на различни теми, посетував курсеви по странски јазик и компјутери. Сето ова не само што ги подобри моите знаења и вештини, туку и ми ги зголеми шансите за работа.*

*Денес, со дистанца од десет години, можам слободно да кажам дека Програмата за образование на Роми ми го отвори патот и ми понуди една друга визија за животот. Мојот прв работен ангажман беше практикант во Собранието на Република Македонија. Потоа три години работев во Фондацијата Отворено општество – Македонија како асистент на образовен проект кој работеше на подобрување на образовните постигнувања на ромските ученици. Извесно време работев и во кабинетот на министерот без ресор во Владата на РМ задолжен за имплементација на „Ромската декада“, а денес работам во Државната комисија за одлучување во управна постапка. Сите овие работни искуства ми помогнаа да запознаам многу луѓе, да научам многу работи, но и да сфатам една многу важна работа, а тоа е дека статусот на Ромите во ова наше општество нема да се промени сам од себе. Сфатив дека за промените треба да се избориме самите ние и на тоа треба да работиме сериозно сите ние. Исто така сфатив дека првиот чекор кон таквите промени е образованието.*

*„Ние сме генерацијата која ги мотивира и им служи за пример на другите“*
*(корисник)*

*Немањето образование го намалува изборот и ги намалува можностите да влијаеме врз одлуките што ги носиме во животот. Ова е особено важно за нас жените. Необразована жена значи сиромашна жена без право на избор, без можност за работа и контрола врз својот живот. Благодарејќи на поддршката од Програмата, стотици млади девојки го добија токму тоа – добија можност за избор.*

*Јас го направив мојот избор, покажав и докажав дека ако се сака, сѐ се може. Избрав да бидам сопруга, мајка на две деца и во исто време да работам, да имам успешна кариера, да придонесувам за семејниот буџет и рамноправно да одлучувам дома. И покрај сето ова, избрав да продолжам да се образувам. Јас сум денес постдипломец на Филозофскиот факултет во Скопје и за една до две години ќе бидам магистер по менаџмент во образованието. Дали да се продолжи образованието денес не е и не треба да биде веќе прашање кај ромската заедница и кај ромските родители, туку каде да се продолжи и какво образование да се добие?!?*

*Со завршувањето на високото образование и добивањето на дипломата, извојував една лична победа над класичниот стереотип за жената-Ромка. Но војната против стереотипите и предрасудите не се добива со една битка, ниту со една диплома. Исто како што не се подобрува животот на Ромите само со еден дипломиран студент. Затоа, не треба да заборавиме дека сме тука ние, неколкуте стотина средношколци и стотината студенти-Роми кои ги завршија средното и високото образование со поддршка на Програмата. Ние сме критичното јадро од образовани Роми кои треба да ги понесат на свој грб овие промени, да се изборат за подобри политики и за подобар живот на ромската заедница. Ние сме тие што треба да продолжиме да работиме понатаму и да ја менуваме сликата за нас на подобро, секој поединечно во полето во кое работи и во струката во која дејствува, во воспитувањето на своите деца, во своите семејства, но и во својата поширока заедница. Токму поради ова, сметам дека вистинските ефекти од Програмата допрва ќе се видат и ќе се проценат.*

*Благодарам за вниманието.*

*„Богато општество не е она што има богати луѓе, туку што има образовани луѓе.“*
(директор на основно училиште)

**СЕБИЈАН ФЕЈЗУЛА**, корисничка на универзитетската компонента на Програмата за образование на Роми - „Ромаверзитас“. Ова е нејзиното обраќање на јавниот настан на Програмата одржан на 28 мај 2010 година. Себијан денес е магистранд на одделот за родови студии на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта




*Јас сум Себијан Фејзула, студент на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, отсек филозофија и сум во четврта година. Потекнувам од ромско семејство и живеам во традиционална ромска населба, во која за иднината на жената- Ромка решава некој друг, нејзиното семејство и нејзините роднини, а не самата таа. Пораснав во средина каде што единствената професија на жената-Ромка беше домаќинка.*

*Додека бев во основно училиште, многу мои другарки беа принудени да се откажат од училиште, најчесто поради тоа што нивните семејства немаа средства да ги издржуваат за време на школувањето. Единствено што знаев е дека јас не го сакам тоа.*

*Кога го завршив основното училиште, сакав да продолжам во средно. Моите родители беа првите луѓе што ме охрабрија да продолжам. Тогаш сфатив дека од тој момент натаму мојата судбина е во мои раце. И ако сакам промена во мојата средина, треба да почнам од себе: да вложувам во своето образование за да станам господар на својата судбина.*

*Тоа и се случи! Се запишав и таму ги најдов истомисленичите. Се почувствував горда што во мојот клас не бев единствената Ромка, иако не бевме во голем број. Бев среќна што секоја година се среќавав со новозапишани Роми.*

*Како што поминуваа годините, сè повеќе се приближував до големиот предизвик – и јас да се здобијам со статус на студент. Знаев дека е голем предизвик, но во исто време и карта за подобра иднина за мене како Ромка. Имав голема желба да студирам, но неколку прашања постојано ме оптоваруваа и ме вознемируваа: дали ќе имаат моите родители доволно средства да ме финансираат, од што ќе треба да се откажат моите две сестри за да студирам јас, што ќе се случи ако моите родители немаат пари?*

*Од моите колеги дознав за Програмата за стипендирање студенти-Роми. Во мене се појавија надеж и возбуда и решив да конкурирам. Стипендијата што ја добив беше мојата најголема поддршка. Ми беше големо олеснување зашто знаев дека не сум дополнителен трошок во буџетот на моите родители, а јас можев да продолжам. Стипендијата ми беше мотивација, но ми наметна и обврска солидно да ги положам моите испити и да го оправдам вложувањето во мене, зашто бев свесна дека на мое место можеше да биде кој било друг студент.*

*„Јас сум неписмена, но горда сум што мојата ќерка ме научи како да се потпишувам.“*
(родител)

*„Ромаверзитас“ нудеше и можности за засилување на индивидуалните академски капацитети на студентите-Роми. Тоа беше она што ми требаше. Иако не бев стипендист на „Ромаверзитас“, имав право и можност да ги користам програмите што ги нудеше. Учеството на многуте работилници и семинари, организирање дебати, конференции за печат, настани, ми овозможија да се здобијам со вештини што можев да ги применам и во студирањето, но и во својата натамошна професионална кариера.*

*Контактите воспоставени со многуте Роми и неромски студенти што секојдневно ги среќавав во „Ромаверзитас“ ми овозможуваа пристап до нови информации, здобивање искуство, учење од најдобрите, како и помош при положување на моите испити преку програмата за туторство. Уште поголема чест ми беше кога ми се даде можност да ги претставувам програмите на „Ромаверзитас“ надвор од Република Македонија – несекојдневно и исклучително позитивно искуство. Присуствував на два интернационални семинари за студентите- Роми од Европа.*

*Дојде и времето кога требаше знаењето и искуството со кои се здобив да ги покажам и во практика. Пред две години бев повикана на работно интервју, кое успешно го поминав благодарение на обуките и на курсевите за странски јазици. По самото вработување, мојот работодавец ми кажаа дека информациите за мене ги добил преку Програмата за образование на Роми.*

*Денеска го завршувам својот факултет, работам и по завршувањето на студиите планирам да се запишам на магистерски студии. Во слободното време активно сум вклучена во многу неформални групи што работат на подобрувањето на состојбата на Ромите во Македонија. Верувам дека мојот пример ќе придонесе за подобро утре на младите жени-Ромки, дека и тие во својот живот имаат право на сопствен избор. Сета оваа значителна трансформација на мојот живот и сето тоа со што јас придонесувам денеска во мојата заедница не ќе беа можни без големата поддршка на „Ромаверзитас“, УСАИД и на Ромскиот образовен фонд.*

*Посакувам оваа трансформација да им се случи и на други Роми. А ќе се случи само ако продолжат програмите за поддршка на образованието на Ромите. Затоа би сакала да ја искористам оваа пригода да им се заблагодарам на донаторите што вложија и сè уште вложуваат во мојата иднина и во иднината на моите сегашни и идни колеги.*

*„Образованието значи да се има избор.“*
(корисник)

*„Ми се допаѓа тоа што децата учат и што добиваат стипендии.“*
(родител)

**АЈЕТ ОСМАНОВСКИ**, корисник на универзитетската компонента на Програмата за образование на Роми - „Ромаверзитас“



*За мене претставуваше особена чест и задоволство да бидам стипендист на Програмата. Тоа значеше огромна поддршка и во финансиска, и во академска, и во морална смисла.*

*Во текот на моите студии, како студент на Филозофскиот факултет на Институтот за социјална работа и политика, имав можност да бидам вклучен во сите активности на „Ромаверзитас“ кои во тоа време им ги нудеше на студентите-Роми како менторство, курсеви за странски јазик и компјутерски вештини, студентски иницијативи и проекти и летни школи. Сето ова за мене беше од исклучителна важност бидејќи моите родители не беа во можност финансиски да ми го овозможат тоа што ми го овозможи „Ромаверзитас“ и бидејќи запознав мои колеги- Роми од различни делови од Македонија. Сите се наоѓавме во слична ситуација и сите се трудевме да се изградиме во личности кои ќе го разбијат стереотипот за необразовани Роми. Тоа не беше лесно, зашто во исто време значеше менување на свеста на околината.*

*По моето завршување на студиите, ја добив можноста од ФООМ да бидам третиот по ред координатор на „Ромаверзитас“ и тоа беше исклучително важен момент во мојот живот. Во периодот од четири години додека го работев тоа, имав одлична соработка со студентите-Роми кои беа активни и сакаа да го кажат своето мислење. Во моментов ги завршувам моите постдипломски студии по менаџмент на човекови ресурси при Филозофскиот факултет во Скопје. „Ромаверзитас“ ми помогна да ги постигнам целите што сум си ги поставил досега, но битката против стереотипите и предрасудите не е завршена.*

*„Ромаверзитас“ беше, е, а верувам и ќе остане местото кое е најразлично од сите програми или организации, место каде што во ист момент можете да ги сретнете Сунај и Ирена како работат на нова идеја или како Кирил работи со средношколците-Роми на дебатирање и сл. Како што рече во една прилика еден мој колега, „Ромаверзитас“ е катализатор на нови идеи и успешни кадри. Сè повеќе се зголемува бројот на запишани и дипломирани Роми во различни области и искрено верувам дека на тие Роми треба да им се дадат што повеќе шанси да го покажат своето знаење во практика. Сите ние треба да работиме на тоа да се случи.*

*„Овој проект создаде критична маса и наметна мислење дека ниту едно дете не е изгубено и дека сите деца можат да учествуваат во овој процес. Тоа бара заложби и време.“*
(директор на основно училиште)

**ЕЛВИС МЕМЕТИ**, од Тетово, дипломиран политиколог и корисник на универзитетската компонента на Програмата за образование на Роми - „Ромаверзитас“



*Добивав стипендија од Програмата и задоволство ми е што можам да кажам дека јас сум од првата генерација студенти во „Ромаверзитас“. Помошта ми значеше многу во секој момент од моето студирање – стипендијата, менторството и другите обуки – ми помогнаа да бидам поуспешен студент, но и полесно да се снајдам во сите мои ангажмани. Во моментов сум на работна пракса во Мадрид, Шпанија. Претходно успешно ја реализирав и работната пракса во Европската комисија во Брисел и денес сум горд на сите овие вложувања, затоа што знам дека можам максимално да придонесам во градењето на нашето заедничко општество. Работам во Министерството за труд и за социјална политика и останувам вклучен во активностите што ги организираат студентите.*

# ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ НИЗ БРОЈКИ И РЕЗУЛТАТИ

## 3.000

Над 3.000 млади Роми од предучилишно до универзитетско образование добија директна образовна поддршка од Програмата. Секоја година, 200-250 деца на предучилишна возраст беа подготвувани за успешно поаѓање во училиште, а 750-900 ученици од основно училиште добиваа дополнителна образовна поддршка по училиште во пишување домашни задачи и туторство/подучување за полесно совладување на материјалот по одредени предмети.

## НВО

Со голем број обуки беа зајакнати организациските капацитети на пет локални НВО кои ги водеа ромските образовни центри, а едукаторите вработени во нив беа обучени за работа со деца.

## 491

491 наставник од вклучените училишта беа обучени за интерактивни наставни методи насочени кон учениците и методи што промовираат критичко мислење, детски права, интеркултурно образование, социјална правда и почитување на различностите. Беше обезбеден и дидактички материјал за основните училишта, што им овозможи на наставниците поефективна примена на наученото од обуките во училница и во нивната работа со учениците.

## 90%

Над 90% од поддржаните деца на предучилишна возраст секоја година успешно се запишуваа во прво одделение.

## 94%

Над 94% од опфатените ученици од основно образование, директни корисници на образовна поддршка од ромските образовни центри секоја година успешно го завршуваа одделението и постигнуваа подобри резултати, што е за 20% повисока од стапката на завршување на одделението кај учениците Роми кои не ги користеа услугите на центрите.

## 157

157 наставници од средните училишта беа обучени за менторство на ученици и за образование за социјална правда.

## 1.110

Во периодот 2004-2010, Програмата обезбеди 1.110 стипендии, менторска помош и друга академска поддршка за 364 средношколци и 245 стипендии за 135 студенти-Роми. 298 средношколци матурираа, а 97 студенти дипломираа со поддршката од Програмата. Со ова двојно се зголеми националната стапка на Роми со завршено средно и високо образование, споредено со периодот пред отпочнување на Програмата. Најголем дел од дипломираните студенти се вработени во јавна администрација, училишта, домашни и меѓународни организации и се наоѓаат на позиции од каде што можат да се застапуваат за ефективни политики за интеграција на ромската заедница.

## 30

Наставата по предметите историја, географија, македонски, англиски и француски јазик, граѓанско образование, запознавање на околината, музичко, ликовно, физичко образование беше збогатена со интеркултурни содржини имплементирани од околу 30 наставници.

## 2.500

Беа поддржани 22 мали интеркултурни иницијативи во седумте основни училишта кои вклучија над 2.500 ученици, наставници и родители, ја поттикнаа креативноста и ја подобрија интеракцијата помеѓу учениците од различни етнички и социјални средини. Тие имаа можност да истражуваат и да научат повеќе за културата, јазикот, традицијата и обичаите на различните етнички заедници во своите училишта, имаа можност да работат заедно, да творат и да се дружат.

# ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ НИЗ БРОЈКИ И РЕЗУЛТАТИ

## 17 ПУБЛИКАЦИИ ИСТРАЖУВАЊА АНАЛИЗИ

Во рамките на Програмата, беа изготвени седумнаесет публикации -истражувања и анализи за различни аспекти од образованието на Ромите, документи за јавни политики, извештаи од спроведени активности и за постигнати резултати, како и прирачници за наставници и едукатори.

Искуствата и научените лекции од Програмата и од направените истражувања и анализи беа презентирани и на меѓународни конференции, а беа споделени и со претставници од невладиниот сектор од повеќе земји од регионот и пошироко.

Со цел да понуди независен увид во спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за правата на децата во РМ, ФООМ во соработка со партнерските организации во Програмата, изготви Коментар  за остварувањето на правото на образование во Република Македонија, со посебен осврт на образованието на децата-Роми. Овој алтернативен извештај беше поднесен до ОН и во 2009 г. беше презентиран на претсесијата на Комитетот за правата на децата во Женева.

## 1.000

Над 1.000 родители учествуваат на родителските средби, како и на голем број работилници, трибини и состаноци поврзани со образованието на нивните деца. Ромските родители се вклучени во телата за одлучување во училиштата (во советите на родители и во училишните одбори) што не беше случај пред отпочнување на Програмата.

## ДОБРИ ПРАКТИКИ

Препознаена како добра практика, Програмата за образование на Роми се најде и во Каталогот на добри практики за инклузија на Ромите (2012) кој со поддршка на  Европската унија го објави МТСП (Министерството за труд и социјална политика) во рамките на Проектот за поддршка на имплементацијата на стратегијата за Ромите.

Министерството за образование и наука на РМ ги презеде искуството и моделот на интервенции од средношколската компонента на Програмата (стипендии, менторство, туторство) и од 2009 г. наваму продолжи со нејзино спроведување со сопствени средства и со средства од други донатори (Ромскиот образовен фонд).

Врз основа на пет области (дизајн, цели, приод и методи, резултати и потенцијал за проширување на активностите) што беа предмет на оцена и анализа на УНИЦЕФ (2010), меѓу осумте селектирани проекти од Југоисточна Европа ја вброи и Програмата за образование на Роми.

Програмата за образование на Роми е препознаена како добра практика во Европа. Според извештајот на Европската фондација за обука (2007), Програмата за образование на Роми е меѓу 46 најдобри примери во регионот на Западен Балкан и од земјите што се членки на Европската унија.

Во четири од осумте препораки во однос на подобрувањето на положбата на жената-Ромка, „Амнести интернешнал“ (2007) ја повика Владата на РМ да ги спроведува активностите во соработка со ФИООМ.

> *Клучниот заклучок од завршната евалуација е дека Програмата за образование на Роми е непроценливо искуство преку кое се постигнати извонредни резултати и има одличен потенцијал за продолжување и реплицирање. Програмата ги постигнала поставените цели, проектните активности биле поддржани со солиден буџет и применет е приспособен, насочен приод во работата, а проектните активности опфатиле цели групи соученици (од аспект на крајните корисници). Ваков сложен и амбициозен проект нуди многу потенцијални лекции што можат да се извлечат за следната фаза и можат да обезбедат уште поголем опфат и обем, надоврзувајќи се на импресивното влијание и одржливите резултати.*

# АНАЛИЗИ, ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ И ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ ИЗГОТВЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ




**Проект за образование на Роми Извештај од евалуацијата на учинокот**
**Автори:** Раду Флореа, Кристина Хаџи-Василева и Виктор Мирчевски
**Издавач:** ФООМ, 2014
**Јазици:** македонски, англиски




**Анализа на образованието на Ромите во Република Македонија**
**Автор:** Огнен Спасовски
**Издавач:** ФООМ, 2011
**Јазици:** македонски и англиски




**Образованието на учениците со ниски постигања во учењето**
**Автори:** Огнен Спасовски, Јанез Крег, Јанез Вогринц и Мира Метљак
**Издавач:** ФООМ, 2013
**Јазици:** македонски, англиски




**Анализа на спроведувањето на изборниот предмет јазик и култура на Ромите**
**Подготвено од:** Програма за образование
**Издавач:** ФИООМ, 2010
**Јазици:** македонски и англиски




**Ја славиме различноста**
**Уредници:** Сузана Пецаковска и Споменка Лазаревска
**Издавач:** ФООМ, 2012
**Јазици:** македонски, англиски и ромски




**Коментар за остварување на правото на образование во Република Македонија со посебен осврт на образованието на децата-Роми**
**Подготвено од:** Елена Мишиќ и Теодора Ајановска-Глигорова
**Издавач:** ФИООМ, 2010
**Јазици:** македонски и англиски

# АНАЛИЗИ, ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ И ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ ИЗГОТВЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ



**Програма за образование на Роми**
**Уредници:** Сузана Пецаковска и Споменка Лазаревска
**Издавач:** ФИООМ, 2010
**Јазици:** македонски и англиски



**Сликата за другоста на Ромите: Претставите на ромските деца за сопствениот идентитет и претставите за Ромите кај децата од македонската и албанската заедница**
**Теренско истражување меѓу ученици и наставници во основното образование и дискурзивно-репрезентациска анализа научебници**
**Автори:** м-р Горица Мицковска, Митко Чешларов, д-р Катерина Колозова
**Непечатено издание**, ФИООМ 2006
**Јазици:** македонски




**Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата-Роми**
**Автори:** Марија Доневска, Наташа Богоевска, Светлана Трбоевиќ
**Соработници:** Даниела Ѓеоргиева, Бојана Јовановска, Татјана Божиновска
**Издавач:** ФИООМ, 2010
**Јазици:** македонски




**Ромите**
**Автори:** Љатиф Мефаилескоро Демир, Фатиме Демир
**Издавач:** ФИООМ, 2007
**Јазици:** македонски и ромски



**Интеркултурно образование**
**Приредувач:** Сабина Салимовска
**Уредник:** Споменка Лазаревска
**Издавач:** ФИООМ, 2007
**Јазици:** македонски




**Прирачник: Центар за поддршка на образованието во вашата заедница**
**Група автори** од едукаторите на ромските образовни центри и Фондацијата „Чекор по чекор"
**Непечатено издание**, ФИООМ 2006
**Јазици:** македонски

# АНАЛИЗИ, ДОКУМЕНТИ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ И ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ ИЗГОТВЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИ




**Потреби и можности за образование на Роми на возраст постари од 15 години, Куманово – студија на случај**
**Автор:** д-р Зоран Велковски
Непечатено издание, ФИООМ 2006
**Јазици:** македонски




**ИНТЕРКУЛТУРЕН КУРИКУЛУМ: дополнување на содржините по релевантните предмети за основно образование**
**Непечатено издание**, ФООМ 2013
**Јазици:** македонски



**Интеркултурното образование во Република Македонија: анализа на содржини кои имплицираат интеркултурност во учебниците за основно образование на македонски јазик (истражување)**
**Автор:** д-р Владимир Давчев, д-р Елена Ачковска-Лешковска
**Непечатено издание**, ФИООМ 2009




**Прирачник за Конвенцијата за правата на детето,**
**непечатено издание**, ФООМ 2013
**Јазици:** македонски




**Конвенција за правата на детето**
**Издавач:** ФООМ, 2012
**Јазици:** македонски

# ФОТО ГАЛЕРИЈА НА ПРОГРАМАТА






















СВЕТОТ ВАКОВ
ТРЕБА ДА БИДЕ






















DE IT LU
FR BE NL
UK
DK
IE
GR
ES
PT
AT
FI
SE
MT
CY
SI
LV
EE
PL
HU
CZ
BG
RO
1960
1970
1980
1990
2000
ЕМУ
ЕЕЗ
ДОГОВОР ЗА ЕУ
ДОГОВОР ОД НИЦА













EDUCATION


























5 февруари, 2014


ИЗВЕШТАЈ


